РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ
РИСТО ЈУРУКОВ
БР. 01 - 300/1
15.11 2024 год.
КОЧАНИ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# ООМУ “ РИСТО ЈУРУКОВ“ КОЧАНИ

**за период од август 2022 до август 2024 година**



| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООМУ “ Ристо Јуруков“ Кочани |
| Адреса | ОМ на АСНОМ бр.0004 |
| Телефон, е-пошта | 033 273 207; 070 346 141<br>ristojurukov@gmail.com<br>omu-ristojurukov-kochani@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | Мај- Август, 2024 година |
| Број на ученици во училиштето | 136 ученика, 19 паралелки ( состојба јуни 2024) |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Марија Лазарова |
| Потпис | |
| Датум | 20.11.2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Кристина Иванова |
| Потпис | 20.11.2024 |
| Датум | 20.11.2024 |

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ОМОУ "Ристо Јуруков" Кочани,

период август 2022 - август 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" 161/19 година) Општинското основно музичко училиште „Ристо Јуруков„ Кочани изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од август 2022 до август 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 28.05.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Јованка Милојевиќ, наставник-ментор
- Љупчо Ѓорѓијев - наставник
- Елизабета Ѓеорѓиева - наставник
- Виктор Постолов - наставник
- Кристина Иванова – родител/старател, Претседател на Совет на родители и Училишен одбор

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај - август 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Јованка Милојевиќ, наставник-ментор<br>2. Давид Велков, наставник<br>3. Лилјана Каракашева Панов, наставник-приправник |
| 2. Постигања на учениците | 1. Љупчо Ѓорѓијев<br>2. Драгана Карова Ангелова<br>3. Душан Стојанов |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Елизабета Ѓорѓиева<br>2. Благој Николов<br>3. Дејан Стојанов |
| 4. Управување и раководење | 1. Виктор Постолов<br>2. Стефан Стефанов<br>3. Зоран Христов |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 15.11.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Силни страни**

- Училиштето располага со училишна зграда која е опремена со потребни ресурси – основни сретства за работа, компјутерска опрема, музички инструменти и современ училишен инвентар.
- Училишниот простор е уреден, а средината за учење е стимулативна.
- Планирањето на наставниците е редовно, концизно и остварливо. Секој наставник е вклучен во изготвувањето на програмските документи на ниво на училиште. Секој наставник поединечно изготвува индивидуални планирања. При планирањето на воннаставните активности се вклучени и учениците и родителите.
- Наставата е ефективна и ефикасна, а се остваруваат и воннаставни акривности.
- Резултатите од реализацијата на редовната настава и воннаставните активности се бројни награди од учество на меѓународни и државни натпревари, како и бројни учества на манифестации и други јавни настапи.

**Слаби страни**

| |
|---|
| • Со вкрстување на податоците од сите три анкетни прашалници (триангулација) донесен е заклучок дека тврдењето на наставниците е потребно да се преиспита согласно делумното незадоволство од користењето на материјали и извори на учење на учениците и родителите.<br>• Училиштето нема инклузивен тим поради недостаток на стручни соработници и образовни асистенти. Во изолирани случаи соработува со други училишта од општината.<br>• Недостаток на Интерен правилник за оценување.<br>• Училишниот двор е на заедничка површина во комплекс во кој нема други корисници (напуштен). Дворот е изложен на загадување од околината.<br>• Непристапна локација на училишната зграда.<br>• Несоодветни Наставни планови и програми како и недостаток на Наставни планови и програми за традициски (народни) инструменти – системски пропуст. |
| **Приоритети**<br>• Покренување иницијатива до БРО и МОН за реформирање на Наставните планови и програми за основно музичко образование и изготвување Наставни планови и програми за традициски инструменти;<br>• Покренување иницијатива за изготвување Концепција за организација на дејноста во основното музичко образование;<br>• Обезбедување стручен кадар – педагошко психолошка служба;<br>• Воспоставување систем за континуирано одржување на хигиената околу училишната зграда во соработка со Локалната самоуправа. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Подрачјето ги опфаќа редовноста, успехот и поведението на учениците. Во него се поместени сите показатели за начинот на следење на напредокот на учениците како и механизмите кои се користат за континуирана информираност на родителите во однос на постигнувањата на учениците.

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците и располага со детални податоци за нивните постигања во текот на целата учебна година по предмети и општиот успех.

Учениците кои се соочуваат со потешкотии во учењето се детектираат уште од најраните контакти со наставниците и од нивна страна уште од првиот момент се пристапува со разговор со родителите заради воочување на тешкотиите со кои се соочува ученикот и со взаемна координација наставник-родител-ученик се приоѓа кон постепено надминување или подобрување на тие потешкотии и вклопување на ученикот во редовните наставни текови.
Редовноста на наставата во училиштето е на многу високо ниво на што укажува малиот број на изостаноци во Годишниот извештај од работата на училиштето.

Дополнителната и додатната настава се редовен составен дел од образовниот процес во ООМУ “Ристо Јуруков“ Кочани

**Силни страни**

Среден успех на ниво на училиште над 4,8.

Над 81% од учениците завршуваат со одличен успех

Учество на над 25% ученици на државни и голем број меѓународни натпревари
Освоени високи награди на натпреварите

| **Слаби страни.**<br><br>Значителен број на осипани ученици; |
|---|
| **Приоритети**<br><br>Превземање мерки за намалување на осипувањето на учениците. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме**<br>- Училиштето постојано се промовира преку реализирани концерти и настапи на учениците во општината, државата и надвор од државата, преку постигнатите резултати на државни и меѓународни натпревари и постагнатиот успех на ниво на училиште. Нашиот најголем проект „Новогодишен концерт", стана традиција во нашата општина кој ни гради имиџ на препознатлива и квалитетна институција. Ја подигаме културата и соработуваме со сите надлежни, културни и образовни институции на ниво на држава, а ја шириме нашата култура и надвор од државата на меѓународно ниво преку концерти, проекти, настапи на учениците. Сите активности можат да се следат на нашата ФБ страна и ВЕБ страна на училиштето.<br>- Во училиштето владее позитивна клима помеѓу сите чинители на образовниот процес, а соработката со родителите е постојана и честа. Кодексите и Куќниот ред се почитуваат и немаме наидено на никакви проблемски ситуации во училиштето. Училиштето е опремено со доволен број на инструменти и технологија која ни е потребна за квалитетна настава. Училишниот простор се одржува и надополнува/ заменува старо за ново со што имаме пријатен престој во училиштето. Со поведението и дисциплината на учениците сме немале проблем и немаме изречено педагошки мерки.<br>- Ги почитуваме правата на децата и сите ученици се еднакви во поглед на третманот што го добиваат и имаат еднакво |

право на учество во сите активности. Не се случило во училиштето да имаме врсничко или некој било кој вид насилство. Ја почитуваме и законската регулатива за алкохол, пушење и дрога.

- Се грижиме за здравјето на учениците и вработените, редовно се вршат систематски, санитарни прегледи како и дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштето. Водиме сметка и за хигиената на инструментите на кои свират. Хигиената е на високо ниво во училиштето, но се соочуваме со проблем во околината односно со расфрлано ѓубре близу училиштето и премногу обрасната трева околу целото училиште поради што е отежната пристапноста до локацијата каде се наоѓа училиштето.

- Учениците и вработените во училиштето се безбедни за што сведочат сите планови, правилници, елаборати, извештаи и др. за функционалноста во училиштето. Исто така наставниците се секогаш на располагање за било каков проблем на учениците и изнаоѓање на соодветно решение.

**Силни страни**

- Отвореност на училиштето за соработка со сите институции во општината и претежно носители на културната дејност во градот.
- Концертна дејност во државата и на меѓународно ниво.
- Соработката со родителите.
- Хигената во училиштето.
- Услови за работа на вработените во училиштето.
- Постигнати резултати на државни и меѓународни натпревари, концерти и настапи преку кои го градиме имиџот на училиштето
- Почитување на куќен ред, кодекси и сите законски регулативи.
- Пријатна и безбедна атмосфера за работа и учење.

**Слаби страни**

- Хигиената околу училиштето, односно расфрлано ѓубре близу училиштето.
- Пристапноста до училиштето, односно обрасната трева околу целото училиште поради што е отежната пристапноста до локацијата каде се наоѓа училиштето.

**Приоритети**

- Пронаоѓање решение со соодветните институции за расчистување и одржување на просторот околу училиштето.
- Зголемување на соработката со невладини организации и вклучување во повеќе проектни активности.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

Со училиштето управува Училишен одбор. Состаноците се свикуваат со доставување покани, предлог Дневен ред и предлог - Одлуки до членовите на УО. Седниците се одржуваат и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа. Училишниот одбор води записник за својата работа и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Записниците се усвојуваат на следната седница , а потоа се заведува во деловодникот. Усвоениот и заведен записник од седницата претставува правна основа за постапување како на училишниот одбор така и на директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал во училиштето. По завршување на мандатот на училишниот одбор претседателот изготвува извештај за работата на одборот во текот на четиригодишниот мандат. Во креирањето на училишната политика се вклучени директорот, УО, совет на родители и преку разни состаноци, средби, разговори, консултации се остварува солидна соработка.

Директорот на училиштето раководи со севкупната училишна дејност – Ја организира работата на училиштето, обезбедува потребни ресурси, ја координира работата помеѓу наставниот кадар, родителите и локалната средина, врши увид во работата на вработените како на наставничкиот кадар така и на техничкиот персонал, се грижи за угледот и јавното мислење за училиштето, организира посети на училиштето од страна на звучни имиња и угледни музичари итн.

Сите субјекти се информирани и вклучени во донесување на одлуки, барања и финансиско работење на училиштето.

**Силни страни**

- Јасна дефинираност на работните задачи и обврски на вработените.
- Комуникација меѓу училишниот, раководниот орган и наставничкиот совет.
- Ангажираност и афирмација на училиштето.
- Позитивна професионална клима.

| |
|---|
| • Изготвени куќен ред, правилници и кодекси за потребите на училиштето.<br>• Визија и мисија на училиштето.<br>• Редовно водена административна документација.<br>Почитување на законски прописи и постапки во сите сфери. |
| **Слаби страни**<br>• Училиштето не поддржува и не оддава признание за квалитетно работење на наставниците и учениците<br>• Недостаток на педагошко-психолошка служба. |
| **Приоритети**<br>• Нови вработување  во педагошко-психолошката служба<br>• Барања до надлежните интитуции за отворање на работно место – стручен соработник / психолог или педагог за кои има потреба во училиштето.<br>• Согласно искуствата и разговорите со колегите, граѓаните и разговорите на наставнички совет има реална потреба од вработување на нов наставен кадар како корепетитор, наставник по лимени дувачки инструменти и изведувач на ударни инструменти. |

**Предлог- мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Општинското основно музичко училиште "Ристо Јуруков" Кочани е динамично училиште кое постојано расте и се развива. Вработените во училиштето во континуитет бележат постигнувања на учениците, а професионалниот однос кон работата при остварувањето на клучната дејност-изведување на наставата, како и прифатените принципи на однесување на вработените, создаваат клима на доверба и меѓусебно почитување кое резултира со размена на искуства и идеи. Тимската работа е практика при реализација на проекти од јавен карактер кои се огледало на културата која ја негува нашето училиште. Од Извештајот на оваа евалуација која го опфаќа периодот од изминатите две години 2022-2024, можат да се забележат некои слабости кои во голема мера зависат од системската поставеност односно надлежните институции, како и слабости во мал обем кои претставуваат индикатори за подобрување на квалитетот на работата на училиштето. Вработените во училиштето грижливо и внимателно пристапија кон нивно разгледување и пристапија кон изнаоѓање предлог мерки за нивно надминување. Издвојуваме некои од предлог мерките кои ќе бидат предмет на анализа и основа за изготвување акциски планови со цел обезбедување уште побезбедна средина за учење, поквалитетна настава, повисоки критериуми на вреднување на постигнатите резултати...

- Во најкус можен рок да се изготви Правилник за оценување на учениците;
- Да се формира тим кој ќе ги преиспита причините за намалувањето на бројот на учениците т.е.нивно осипување и да се изнајдат решенија за надминување на овој проблем;
- Недостатокот на стручен кадар, педагошко - психолошка служба како и административен кадар да се надмине со ажурирање на активностите во соработка со општина Кочани и ресорните министерства т.е. да се продолжи со досега спроведените активности и барања кои се превземаат во континуитет подолго време;
- Да се интензивира соработката со бирото за развој на образованието заради реформирање на наставните планови и програми, изготвување наставни планови и програми по наставните предмети кои недостасуваат, како и евентуално

изготвување на концепција за основно музичко образование како подзаконски акт со кој би се прецизирале клучните подрачја во оваа дејност која во голема мера се разликува од задолжителното редовно основно образование.

- Училиштето да изготви правилници за вреднување на работата на наставниците како и постигнувањата на учениците – критериуми кои ќе придонесат за стимулирање и мотивирање на секој поединец, а заради постигнување уште поголеми резултати.
- Да се изнајдат решенија и да се интензивираат активностите во соработка со надлежните институции заради надминување на проблемот со хигиената околу училишната зграда и пристапните патеки кои водат до училиштето.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Јованка Милојевиќ, наставник – ментор

Љупчо Ѓорѓијев – наставник

м-р Елизабета Ѓорѓиева – наставник

Виктор Постолов – наставник

Кристина Иванова - родител